35592

ВЕЧЕР, СКОПЈЕ, 12. I. 1988, 7607, 15.

● УМЕТНОСТ ● ОБРАЗОВАНИЕ ● КУЛТУРА ● УМЕ

НА КОНКУРСОТ ЗА НАЈДОБАР УМЕТНИЧКИ ПЛАКАТ ЗА ОЛИМПИЈАДАТА ВО СЕУЛ

# Првата награда за Димче Николов

● НАГРАДАТА НИКОЛОВ ЈА ДОБИ ВО КОНКУРЕНЦИЈА ОД 11 НАЈДОБРИ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ПОВЕЌЕ ЗЕМЈИ ОД СВЕТОТ



ДИМЧЕ НИКОЛОВ

Првата награда за најдобар уметнички плакат за годинашниве Олимписки игри што ќе се одржат во Сеул (НР Кореја) му припадна на младиот македонски уметник и доцент по графика на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, Димче Николов. Наградата на Николов му е доделена за цртеж, работен во природен јаглен и молив, во конкуренција од 11 најдобри претставници од повеќе земји од светот.

**— Како идеја за уметничкиот плакат, всушност, ми послужи една графика што ја работев на Ликовната академија во Љубљана, во 1979 година. Од таа графика направив цртеж, една чисто ликовна композиција што ги симболизира сите народи, а во чијашто средина симболично се претставени најдобрите — победниците. Нагласувам, тоа е чисто ликовно решение, повеќе апстрактно, во кое внесов само неколку нужни интервенции (аплициран е заштитниот знак на Олимпијадата, на пример) — објаснува за своето остварување Николов.**

Но, да потсетиме: графиките и цртежите на Николов на корејската уметничка публика и јавност ѝ се веќе познати. Зашто Николов веќе учествувал на три меѓународни изложби во НР Кореја („Минијатурна графика" во 1981 година, „Визуелна ликовна порака" во 1982 и „Биенале на цртеж" во 1983 година), а излагал и во Јапонија. Сè на сè, со свои уметнички остварувања Николов досега учествувал на шеесеттина меѓународни и триесет југословенски изложби на кои - за својот квалитетен и богат уметнички опус има добиено бројни вредни награди и признанија.

**Т. Ј.**